Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 43 став 2 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), на седницата одржана на 16.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката УП1 бр. 07-16 од 28.04.2011 година за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/11), издадена на Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ПЕТРО М ДОО Илинден, во Прилог 1:
   1.1 Во точка 6, евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи:
   "EE – 70.10.1/11,2/17";
   1.2 Во точка 9 став 2 и 3 зборовите "пазарни правила" се заменуваат со зборовите "Правила за пазар на електрична енергија".
   1.3 Во точка 12 став 1 алинеја 2, 4, 5, 6 и 7 зборовите "пазарни правила" се заменуваат со зборовите "Правила за пазар на електрична енергија",
   По алинејата 7 се додава нова алинеја 8 која гласи:
   " - доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари."
   Алинеите 8, 9 и 10 стануваат алинеи 9, 10 и 11.
   Во алинеја 10 која сега станува алинеја 11 зборовите "Правилникот за условите начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности" се заменуваат со зборовите "Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности".
   1.4 Во точка 15 алинеите 1 и 3 се бришат.
   1.5 Во точка 16, 17 и 18 зборовите "Правилникот за условите начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности" се заменуваат со зборовите "Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности".

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари („Службен весник на Република Македонија" бр. 207/16 и 215/16) и член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), врши изменување и дополнување на горенаведената Одлука.

Усогласувањето на лиценцата се однесува на обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на електрична енергија.

Врз основа на оваа измена носителот на лиценцата, ќе има обврска бараните податоци да ги доставува на начин и во рокови дефинирани во Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од приемот.

**УП1 бр. 07-16**
**16.02.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**